**Извештај за 2013 година**

ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје и центарлните библиотеки „Цеветан Димов“ , „Страшо Пинџур“ и „Другарче“, во текот на 2013 година го одржаа континуитетот на планираните активности и остварија многу нови програмски содржини.

Меѓу најзначајните потфати во 2013 година треба да се споменат:

Реализација и промоција на проектот *Дигитална едиција на носителите на наградата Браќа Миладиновци* на Струшките вечери на поезијата. Дигитализирани се 48 поетски книги. Во библиотеката „Браќа Миладиновци“ успешно е реализирана целосната изведба на Спомен собата на браќата Миладиновци *Т,га за југ*. Како дел од богатата промотивна активност треба да се истакне промоцијата на *Зборникот* на Миладиновци, преведен на албански јазик. Овој исклучително важен проект беше раализиран како капитална инвестиција на Градот Скопје. Во соработка со Општина Илинден се отвори нова библиотека, како клон на ЈУ Градска бибилиотека „Браќа Миладиновци“ во Општина Илинден.

Во рамките на меѓународната соработка беа потпишани повеќе договори за соработка. Остварени се културни и промотивни активности за афирмација на македонската култура со Градската и Универзитетска библиотека од Осиек, со библиотеката на Град Белград, со Градската библиотека на Будимпешта и со Столичната библиотека во Софија.

Како најпосетена и најафирмирана акција во минатата година треба да се истакне и одржувањето на библиотечната и хуманитарна акција *Читај книга и подари здравје*. Оваа манифестација се реализираше во соработка со Универзитеската клиника за детски болести – Скопје, а се одржа во рамките на Белата ноќ. Во оваа акција, во улоги на библиотекари, се појавија над 50 јавни личности. Собраните средства и донации овозможија отворање на „Игротека – библиотека“ на Клиниката во која хоспитализираните деца го минуваат времето во читање книги.

Во рамките на годишниот Календариум за 2013 година на културни и промотивни активности во ЈП Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ и во центарлните библиотеки „Цветан Димов“, „Страшо Пинџур“ и „Другарче“, се одржаа над 50 настани кои предизвикаа внимание, беа посетени, медиумски беа покриени и прифатени од културната јавност.